Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Република Северна Македонија
Република е Македонија
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА / INSTITUCION NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Скопје / Shkup

Примено / Е Pranuar: 29.03.2021

Организациска единица / Njësia organizative	Број / Numri	Прилог / Bashkangjitja	Вредност / Vlera
03	227		

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____ год.
_____ 20____ год.
Потпис, _____

Бр. УП1 19-338/2020
23.02 2021 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02,82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 154/19) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

РЕШЕНИЕ

1. За проекти од национален интерес во културата за 2021 година кои се содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Македонски народен театар од Скопје** за 2021 година доставена до Министерството за култура под бр. УП1 19-338 од 29.05.2020 година, бр. УП1 19-338 од 11.12.2020 година и бр. УП1 19-338 од 02.02.2021 година **СЕ ИЗБИРААТ** следните проекти:

- **од областа на драмска дејност:**

1.1. „Само глас"- автор Нина Плавањац, режија Маријан Нечак – 1,565,000 (еден милион петстотини шеесет и пет илјади) денари

1.2. Театарска работилница „Нова Европска драма", модератор Дејан Дуковски – 340,140 (триста и четириесет илјади сто и четириесет) денари

1.3. „Митре Стрелата во земјата на чудата" - автор Зоран Спасов, режија Јордан Симонов – 671,000 (шестотини седумдесет и една илјади) денари

1.4. „Магнолија" - адаптација и режија Васил Христов (проект одобрен и започнат со подготовки во 2019/2020 година и префрлен со реализација во 2021 година) – 200,000 (двесте илјади) денари.

- **од областа на Инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема:**

1.1. Санација на проодна тераса-1.200.000 (еден милион и двесте илјади) денари,

1.2. Одржување, сервисирање и резервни делови за клима-ормани- 50.000 (педесет илјади) денари,

1.3. Одржување, сервисирање и резервни делови за топлински пумпи- 200.000 (двесте илјади) денари,

1.4. Редовно одржување, сервисирање и резервни делови за противпожарниот систем – 375.000 (триста седумдесет и пет илјади) денари и

1.5. Одржување, сервисирање, атест и резервни делови за лифтовите-316.000 (триста и шестнаесет илјади) денари.

- **од областа на литературата и издавачката дејност:**

1.1. „Театарот низ фотографии“ - монографија на Македонскиот народен театар – 300.000 (триста илјади) денари

2. Проектот/ите содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Македонски народен театар од Скопје** за 2021 година доставена до Министерството за култура под бр. УП1 19-338 од 29.05.2020 година, бр. УП1 19-338 од 11.12.2020 година и бр. УП1 19-338 од 02.02.2021 година од областа на:ж

- **драмска дејност:**

2.1 „Идиот“ - автор Ф.М.Достоевски, режија Слободан Унковски

2.2. „Диво месо“ - автор Горан Стефановски, режија Вито Тауфер

- **Инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема:**

2.1. Одржување, сервисирање и резервни делови системот за климатизација

2.2. Замена на неисправена NAE контролна единица

2.3. Набавка на заштитна опрема за вработените при МНТ

2.4. Редовно одржување на сценскиот под

2.5. Поправка и тековно одржување на сценски технологии - горен и долен погон

2.6. Редовен технички преглед на платформи, лифтови и дигалки со издавање сертификат

2.7. Редовно одржување на системот за автоматско управување и мониторинг на климатизацијата (BMS).

СЕ ОДБИВААТ.

3. Министерството за култура и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2021 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16и 11/18), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во Нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат и средствата кои националната установа планира да

ги оствари по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура на ден 16.06.2020 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување на Нацрт-годишна програма за 2021 година.

Националната установа Македонски народен театар од Скопје, со допис бр. УП1 19-338 од 29.05.2020 година, бр. УП1 19-338 од 11.12.2020 година и бр. УП1 19-338 од 02.02.2021 година до Министерството за култура достави Нацрт-годишна програма за работа на установата за 2021 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт-годишната програма одлучува министерот за култура на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (4) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Македонија.

Комисијата за **драмска дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 19 – 2043/1 од 19.02.2021 год. со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Македонски народен театар од Скопје** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2021 година.

Комисијата за **драмска дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 19 – 2043/1 од 19.02.2021 год. со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Македонски народен театар од Скопје** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат врз основа на објавените критериуми и доставена приоритетна листа со проекти од областа на драмската дејност за 2021 година од страна на установата:

- „Идиот“ - автор Ф.М.Достоевски, режија Слободан Унковски и
- „Диво месо“ - автор Горан Стефановски, режија Вито Тауфер.

Комисијата за **Инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема** до министерот за култура достави Извештај бр. 50-2050/1 од 19.02.2021 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Македонски народен театар од Скопје** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2021 година.

Комисијата за **Инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема** до министерот за култура достави Извештај бр. 50-2050/1 од 19.02.2021 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Македонски народен театар од Скопје** ги предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини:

- Одржување, сервисирање и резервни делови системот за климатизација
- Замена на неисправена NAE контролна единица,

не се во согласност со приоритетите на Министерството за култура и не може да се утврди националниот интерес.

- Набавка на заштитна опрема за вработените при МНТ

- Редовно одржување на сценскиот под
- Поправка и тековно одржување на сценски технологии - горен и долен погон
- Редовен технички преглед на платформи, лифтови и дигалки со издавање сертификат,
- Редовно одржување на системот за автоматско управување и мониторинг на климатизацијата (BMS),

не се комплетно доставени и не се во согласност со приоритетите на Министерството за култура и не може да се утврди националниот интерес.

Комисијата за **литература и издавачка** дејност до министерот за култура достави Извештај бр. 24-2041/1 од 19.2.2021 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Македонски народен театар од Скопје** предложи проектот од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се избере за проект од национален интерес за културата за 2021 година.

Согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Согласно со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова Решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

МИНИСТЕР

Ирена Стефоска

Доставено до:
-Националната установа
- архивата на Министерството за култура

Подготви: Бесим Ибраими, виш соработник
Одобри: Снежана И. Китанова, помошник-раководител на сектор
Согласен: м-р Снежана Ристовска, државен советник

Подготви: Цветанка Јакимовска, виш соработник
Одобрил: Владимир Попоски, раководител на сектор
Согласен: Дарко Стефановски, државен советник

Подготви: Даниела Бишкоска, советник
Одобри: Македонка Коцева, помошник-раководител на сектор